145



Уметничка галерија во Битола

**Во битолската Уметничка галерија**

# Постојано изложби

- ЛИКОВНАТА СЕЗОНА ПРОДОЛЖУВА И ПРЕКУ ЛЕТОТО
- ИЗЛОЖУВААТ И МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ОД СКОПЈЕ И ГАЛЕРИЈАТА ОД БЕЛГРАД

Битола, јули

Уметничката галерија „Моша Пијаде" од Битола зазема посебно место во културниот живот на градот. Нејзината активност се зголеми особено од октомври минатата година, односно, од нејзиното прогласување за постојана галерија. Дотогаш таа работеше повремено и по потреба. Од октомври до почетокот на март оваа година беа изложени експонати од фондот на Галеријата, а оттогаш па сé до денес во двете прилагодени изложбени простории од Јени-џамијата се забележува мошне жива активност.

Овде самостојна изложба приреди младата битолска сликарка Мира Спирова во чест на Денот на жената, а потоа, Југословенската галерија на репродукции од уметнички дела од Белград и Работничкиот универзитет од Скопје. Галеријата на современата уметност од Белград прикажа репродукции на портрети од 14 до 20 век. Минатиот месец, изложуваше и Музејот на современата уметност од Скопје кој се претстави со 59 експонати од италјански уметници што му ги подари градот Вајонт на Скопје. Оваа изложба предизвика прилично голем интерес па ја посетија околу 20.000 битолчани. Прилично голем интерес предизвикаа и изложбите на битолските сликари Петар Спировски и Ѓорѓи Десановски. Изложбата на Десановски сé уште е отворена и неа секојдневно ја посетуваат граѓаните.

До крајот на овој, а и следниот месец Уметничката галерија ќе продолжи да работи како и досега. Се верува дека слободен термин ќе нема бидејќи веќе од сега е изготвен план за сите изложби. Деновиве, со затворањето на самостојната изложба на Десановски, Галеријата на современата уметност од Белград ќе презентира 46 дела од познати сликари. Оваа изложба ќе трае до крајот на овој месец.

И во август битолската Галерија ќе биде зафатена. Овде, освен Народниот музеј од Битола, изложба ќе приреди и Музејот на современата уметност од Скопје. Овој музеј ќе изложи графики од наши и странски автори, а планира и изложба на слики подарени од Полска. Нив за првпат ќе ги изложи во Битола.

Н. Х.

Нова Македонија, 12. VII. 1965